# „Аллах го сака Својот богобојазлив роб, кој е богат и скришум прави добри дела.“

Сад ибн ебу Векас не извести велејќи: Го слушнав Аллаховиот пратеник, алејхи селам, како вели: „Аллах го сака Својот богобојазлив роб, кој е богат и скришум прави добри дела.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни дава до знаење дека Аллах, нека е Славен и Возвишен, ги сака некои од Неговите робови. Еден од нив е тој што има страв од Аллах: кој ги извршува наредбите на Аллах и се оддалечува од Неговите забрани. И го сака имотниот: тој што е независен од сите други освен Аллах Возвишениот и освен кон Него кон никој друг не се свртува. И го сака тој што скришум ги прави добрите дела, кој е понизен, покорен на својот Господар, кој е преокупиран со она што му носи корист, на кој не му е грижа дали ќе го препознае некој или ќе зборува за него со пофалба и позитивно.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee